Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-53/3
24.10.2024, Скопје

U.S. Embassy Skopje

За потребите на проектот „Младите против врсничко насилство", финансиран од Амбасадата на САД во Скопје, врз основа на Договорот за грант меѓу Амбасадата на САД во Скопје и Институтот за човекови права бр. 0307-50/1 од 18.09.2024 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), програмскиот тим на Институтот за човекови права испраќа:

ПОВИК 1/2024
за ангажирање на експерт за подготовка на текст за памфлет и инфографици

1. Институтот за човекови права (ИЧП), во рамките на проектот „ Младите против врсничко насилство" (финансиран од Амбасадата на САД во Скопје) има потреба од **ангажирање на експерт за подготовка на текст за памфлет и инфографици,** кои ќе бидат неопходни за успешно реализирање на целите на проектот.

2. Опис на активностите:

Во координација со Програмскиот координатор и тимот на ИЧП, експертот ќе подготви текст за памфлети и инфографици кои ќе бидат од едукативен карактер со цел учениците да знаат каде можат да пријават врсничко насилство, кои се правните последици од вршење на врсничко насилство и кои се последиците по менталното здравје од вршење на врсничко насилство за жртвата

Подетален опис на услугите се дадени во проектната задача 1/2024 која е дел од овој повик.

3. Фази на спроведување (прелиминарна временска рамка)

Временската рамка за реализација на услугата треба да се испорача во период 4 ноември 2024 до 31 август 2025 година.

4. ИЧП ќе склучи договор за привремено вршење на услуги со избраниот експерт за реализација на активностите наведени во проектната задача 1/2024.

5. Понудата треба да содржи:
   - CV со фокус на потребната квалификација и искуство;
   - Финансиска понуда.

6. Изборот на експертот ќе се изврши по пат на евалуација на квалитативната и финансиската понуда. Скалата на бодување врз чија основа ќе се изврши евалуацијата и избор на понуда е следната:

Квалитативна евалуација	**Максимум можни бодови**
Образование	30
Искуство во областа	30
Вкупно бодови	**60**
Финансиска евалуација	**Максимум можни бодови**

Цена	40
Вкупно бодови	**40**
Финална евалуација	**Максимум можни бодови**
Просечна оценка за квалитативна евалуација	60
Просечна оценка за финансиска евалуација	40
Вкупна оценка	**100**

7. Услови и начин на плаќање

За ангажманот предвиден е финансиски надоместок. Плаќањето ќе биде извршено по реализација на услугата и доставување на бараниот материјал.

8. Начин на доставување на понудата

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов е-маил: vesna.stefanovska@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **30.10.2024 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на повикот, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса vesna.stefanovska@ihr.org.mk најдоцна до **28.10.2024 година**.

Здружение на граѓани Институт за човекови права СКОПЈЕ

Весна Стефановска,
Институт за човекови права